**20222113035**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), Владата на Репулбика Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 септември 2022 година донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/22, 141/22, 191/22 и 202/22) во дел III, став (1) во табелата по подмерката 2.3. се додава нова подмерка 2.4. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.4. | Финансиска поддршка за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко | 1.Корисници на оваа подмерка се корисниците на подмерка 2.3 „Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година и тоа земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) кои сопственото производство го користат за потребите на сопствениот преработувачки капацитет или го имаат произведено и предадено на регистриран откупувач на сурово млеко, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, во периодот од 1.10.2021 година до 30.9.2022 година.<br>2.Висината на финансиската поддршка изнесува 1 денар по литар произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко на регистрирани откупувачи, односно преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. |

“

II

Во дел IV по ставот (9) се додава нов став (10) кои гласи:

„(10) Финансиската поддршка од дел III став (1) подмерка 2.4. од оваа програма ќе се врши врз основа на доставените податоци за откупени количини кравјо, овчо и козјо млеко за периодот од 1 октомври 2021 година до 30 септември 2022 година, кои од страна на регистрираните откупувачи на сурово млеко, односно од земјоделските стопанства за потребите на сопствен преработувачки капацитет се доставени до Агенцијата, најдоцна до 15 октомври 2022 година.“

III

Во делот V-а по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Исплатата на средствата од подмерките 1.3, 1.4, 1.5 од дел II став (1) од оваа програма и подмерката 2.4 од дел III став (1) од оваа програма се врши од страна на Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата, најдоцна до 31 декември 2022 година.“

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-8532/1<br>27 септември 2022 година<br>Скопје

Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.